,,Антикорупција 2030: Форсајт анализа на идни и сегашни корупциски предизвици“

Главната цел на форсајт анализата *„Антикорупција 2030: форсајт анализа на идни и сегашни корупциски предизвици“* е да придонесе во стратешкото планирање на антикорупцијата. Во анализата се претставени можните сценарија по кои ќе се развиваат корупцијата и борбата против корупцијата до 2030 година и како институциите да се справат со идните предизвици. Анализата е подготвена во соработка со главните антикорупциски институции во државата и претставници на граѓанското општество, односно Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Царинската управа, Финансиската полиција, Управата за јавни приходи, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Инспекцискиот совет, претставници на Меѓународниот републикански институт и граѓански организации од Платформата за борба против корупција, кои учествуваа во процесот на стратешко планирање за справување со предизвиците кои ги носи борбата против корупцијата.

**Главни наоди и препораки кои произлегоа од анализата:**

1. **Во сценарио со поволна клима за развој на антикорупција до 2030 година, по завршување на војната во Украина, Европа е на патот на закрепнување.**

Во ова сценарио Северна Македонија е во поодмината фаза на пристапни преговори со Европската Унија. Зголемените цени на енергенсите се присутни, па затоа земјата станува атрактивна за инвеститорите во обновливите извори на електрична енергија. Во 2030 година има проблеми со задржување критичен кадар кој мигрира во Европа како резултат на економскиот напредок таму. Северна Македонија во 2030 година е навлезена во реформи во владеење на правото и веќе се гледаат плодовите од реформите во правосудството.

2. **Во сценарио со неповолна клима за развој на антикорупција до 2030, војната во Украина е трансформирана во продолжена нестабилност со повремено засилување на воени судири.**

Во ова сценарио пристапувањето на Северна Македонија кон ЕУ не е на повидок. Дигиталната трансформација ги следи стандардите на средно развиените земји членки на ЕУ, но интегритетот на дигиталната трансформација не го доби потребното внимание поради политичката неизвесност, поларизацијата и бавното движење на реформите. Силата на корупциските актери и слабоста на европската условеност ги оневозможува суштинските реформи во правосудството. Забавениот економски раст и влошениот квалитет на живот ја засилува миграцијата и осипувањето на човечкиот капитал потребен да се поддржат реформите против корупцијата.

3. **Човечкиот капитал не е бесконечен, а одлуката да се остане во земјата не зависи само од парите.**

Одлуката да се остане во земјава зависи од подобрување на економскиот развој, животната средина, образованието и здравството и ослободување од корупција и слаб квалитет на услуги во овие сектори. Потребно е да се препознае овој маѓепсан круг и решително да се зачекори во отстранување на слабостите во овој дел од системот.

4. **Институциите треба да ги подготват своите капацитети за надзор, превенција, детекција и санкција**

Тоа можат да го направат на два начина. Првиот е да бидат подготвени да спречат или да санкционираат носење одлуки на високо ниво кои се обременети од корупција. Вториот аспект е изградба на капацитети за контрола на специфични сектори кои во наредниот период ќе бидат предмет на зголемени инвестиции, неретко поттикнати со државни поволности како субвенции и приватизација или оперирање во контролирани економски сектори засновани на концесии, каде што ќе има ограничена конкуренција.

5. **Политичката волја за борба против корупција се демонстрира низ сеопфатна инвестиција во подобрување на интегритетот на институциите.**

Оваа инвестиција подразбира вложување во луѓе и ресурси на институциите и овозможување на раководен кадар кој ќе може независно да ги води институциите. Централна одговорност за ова имаат Владата и Собранието. Владата треба да изнајде начин да го напушти именувањето врз основа на партиска припадност и да овозможи квалитетен процес на формулирање идни антикорупциски цели и политики. Должност на Собранието е да ги штити институциите, овозможувајќи им ресурси и квалитетни закони според кои тие треба да постапуваат.

Форсајт анализата е подготвена како дел од проектот „Поттикнување на јавната дебата за антикорупција“ чија цел е поддржување на реформскиот процес во Северна Македонија преку зајакнување на реформската агенда во областа на владеењето на правото, а за остварувањето на оваа цел проектот предвидува соработка и консултација со сите релевантни чинители. Проектот е поддржан од Националниот фонд за демократија. Гледиштата изразени во студијата не ги одразуваат гледиштата на Националната фондација за демократија од САД и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Студијата е достапна во три јазични верзии:

Линк до македонската јазична верзија:
<https://idscs.org.mk/wpcontent/uploads/2023/06/B5_scenario_2023MKD.pdf>

Линк до албанската јазична верзија:
<https://idscs.org.mk/wpcontent/uploads/2023/02/B5_scenario_2030ALB.pdf>

Линк до англиската јазична верзија:
<https://idscs.org.mk/wpcontent/uploads/2023/02/B5_scenario_2030ENG.pdf>